# ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА СТРАТЕШКИ ПЛАН 2022-2025 ГОДИНА

## Визија

Визијата на Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Северна Македонија (Комитетот) е општество во кое секој човек ги ужива и практикува неприкосновените права и слободи согласно меѓународните конвенции и декларации и има заштита во случај на нивно прекршување или ограничување.

## Мисија

Мисијата на Комитетот е создавање услови за заштита, унапредување и практикување на човековите права и слободи гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија и меѓународните инструменти за граѓанските, политичките,социјалните, економските и културните права, како и Завршниот документ од Хелсинки од 1975 година и градење на демократски услови во кои тие можат да се уживаат и остваруваат.

**Пристапот на Хелсиншкиот комитет за човекови права се заснова врз:**

Вградување на човековите права во процесот на носење јавни политики,

Постојано преземање мерки за јакнење на демократската култура во државата,

Придонес кон владеењето на правото преку практикување на пристап заснован на хуманост и човекови права.

**Вредностите кои се практикуваат во Комитетот се:**

Достапност.

Отвореност кон јавноста.

Професионалност.

Транспарентност.

Одговорност.

Наум Наумовски Борче Бр.83, 1000 Скопје | 023119073 / 072 278 436 0800 44 222 | helkom@mhc.org.mk | www.mhc.org.mk

**Стратешки цели на Хелсиншкиот комитет за човекови права:**

Хелсиншкиот комитет за човекови права својата мисија ќе ја реализира преку:

Подобрување на системот на превенција, заштита и унапредување на состојбата со човековите права на сите нивоа,

Подигање на демократската култура на сите засегнати страни во општеството во насока на унапредување на човековите права,

Јакнење на внатрешните капацитети на Хелсиншкиот комитет за човекови права за обезбедување на долгорочна одржливост.

Во реализацијата на своите цели, Комитетот се води според интерсекцискиот пристап и развојот на постојната методологија согласно најдобрите регионални и светски практики, вклучително и меѓународното право. Како хоризонтални теми, Комитетот во својата работа ќе ги има предвид светските трендови кои се базираат во вградување на зелената агенда, родовата еднаквост и еднаквиот третман на лицата со попреченост. Понатаму, особено внимание ќе се посвети на активностите за застапување пред сите засегнати страни и тие ќе бидат вградени во сите програми. Како клучен аспект во меѓународното застапување, Хелсиншкиот комитет ќе посвети особено внимание кон својот придонес кон меѓународните документи и извештаи за состојбата со човековите права во државата и регионот.

Преку имплементација на Стратешкиот план, до 2025 година се очекува Комитетот да допре до најранливите и маргинализирани групи, да ги мобилизира, да ги зајакне со знаење за нивните права и механизмите за нивно остварување, и ќе придонесе за создавање на средина што ќе им овозможи на сите граѓани да ги практикуваат своите права во земјата.

Мониторингот на стратешки значајните судски случаи ќе овозможи создавање на мислења засновани на докази и препораки за политики, анализа на недоволниот пристап до правда за одредени групи граѓани и ќе создаде основа за стратешко литигирање пред Европскиот суд за човекови права до 2025 година. Со учество во националните работни групи,., во телата и преку составувањето на извештаите, Комитетот ќе понуди анализа на законите. Со тоа што ќе има директно влијание во ова поле,ќе даде предност на прашањата поврзани со ЕУ интеграциите во областа на законодавството, како и во усогласувањето со суштинските вредности на ЕУ. Комитетот ќе е се насочи и кон детално надгледување на спроведувањето на законите и ќе донесе специфични препораки во месечните/годишни извештаи.

Предложениот план е во насока на остварување на стратешките цели на Хелсиншкиот комитет за создавање на општество во кое човековите права ќе бидат целосно заштитени, ќе се обезбеди ефикасно владеење на правото во земјата и демократски услови за сите граѓани. Стратешките цели на Комитетот ќе се

исполнат со спроведување и вградување на следниве активности на ниво на стратешки области:

- Спроведува системско набљудување на состојбите со човековите права во земјата;
- Подготвува годишни и посебни извештаи за состојбата со човековите права;
- Подготвува анализи и други документи поврзани со состојбите со човековите права;
- Обезбедува бесплатна правна помош за заштита и остварување на човековите права во државата и пред меѓународни организации и судови;
- Застапува за унапредување на човековите права пред домашните и меѓународните институции и организации;
- Дава услуги од областа на социјална заштита во рамки на програмските активности;
- Организира конференции, семинари, трибини, кампањи, јавни акции и креира културни програми и други форми на граѓанска активност;
- Спроведува активности за градење капацитети и подигнување на свеста на засегнатите страни;
- Иницира и учествува во домашни, регионални и меѓународни мрежи со сродни организации;
- Обезбедува одржливост на сервисите преку социјално претприемништво;
- Врши други работи од јавен интерес согласно Законот за здруженија на граѓани.

## ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ – ПАТОТ НАПРЕД 2025

Активноста на граѓанското општество во Северна Македонија е изразена преку барања за отчетност, одговорност и транспарентност на носителите на јавни функции, одржливи реформи во праводуството, интензивна имплементација на политики за заштита на основните слободи и процесирање на судски случаи. На оваа динамика во граѓанскиот сектор се надоврзува предложената работна програма, која вклучува пристап за мониторинг заснован на докази и засилено застапување за интеграција со ЕУ. Со Стратешкиот план за периодот 2022-2025 се вметнува нова проширена методологија, од која се очекува да понуди нова енергија во остварувањето на мисијата на организацијата.

Во поглед на внатрешниот развој на работата на Комитетот до 2025 година, првата Функционална анализа (Workload анализа) беше изготвена преку одредување на начините за преструктурирање на работните процедури, со цел да се постигне подобрена ефикасност. Комитетот располага со матрица за надгледување и евалуација на програмите со цел да се овозможи подобра внатрешна ефикасност и употреба на внатрешните ресурси за да се постигне целосна оперативност до истекот на Стратешкиот план.

**Стратешки области на Хелсиншкиот комитет за човекови права**

***Бесплатна правна помош***

Хелсиншкиот комитет нуди бесплатна правна помош од самото основање во 1994 година, а од 2016 година е регистриран како овластена граѓанска организација за примарна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош. Повредите на човековите права граѓаните можат да ги пријават во канцеларијата на Хелсиншкиот комитет, на бесплатната СОС телефонска линија (0800 44 222), како и на телефонските броеви +38923119073 и +38972278436. Правниот тим на Хелсиншкиот комитет, составен од шест правници, остварува комуникација со околу 10 лица дневно.

Во рамките на Програмата „Правда за сите“, првичната цел беше промоција на новиот Закон за бесплатна правна помош и подигнување на свесноста меѓу граѓаните за правото на бесплатна правна помош. Со измените и дополнувањата на овој закон, правото на бесплатна правна помош стана подостапно за граѓаните, како поради проширувањето на правните области за кои граѓаните бараат правна помош, така и поради новите критериуми за допустливост на ова право и ослободувањето од судски трошоци и административни такси. Со тоа се создадоа можности за поголем опфат на правото на бесплатна правна помош за сиромашното население во Р.С. Македонија.Според податоците добиени во 2018 година од Заводот за статистика, стапката на сиромашни луѓе во РС Македонија била 21,9%, што значи дека голем дел од граѓаните можат да го користат правото согласно законот.

*Целни групи со програмата се:*

Сиромашни и социјално загрозени семејства;

Жртвите на семејно и родово базирано насилство;

Жртви на дискриминација;

Ромската популација;

Работниците чии работнички права се прекршени.

Изминатиот период Комитетот најчесто обезбедува правна помош во областа на работните односи, имотното право во делот на постапувањето на државните органи и органите на локалната самоуправа, кривичното право во делот на непостапување или пречекорување на овластувањата од страна на службените лица, семејно и родово базирано насилство, здравственото и инвалидско осигурување, семејните односи, социјална и здравствена заштита, дискриминацијата, говор на омраза и чинови на омраза. Се очекува овие области да бидат застапени и во наредниот период.

БПП е примарна правна помош, која опфаќа преземање на најразлични дејствија од страна на секторот за бесплатна правна помош при Хелсиншкиот комитет за човекови права, почнувајќи од усмен правен совет што опфаќа давање иницијални информации и упатства за условите и постапката за остварување определени права на граѓаните.

За правата за кои постои можност за вонсудско решавање преку општа управна постапка пред државните органи, по приемот на потребните документи, се постапувава на начин што на странките им се помага во составување поднесоци, во поднесување, како и барања за вонреден инспекциски надзор до соодветните инспекторати (трудов инспекторат, управен инспекторат, санитарен и здравствен инспекторат, комунални инспекторати, други сектори за надзор при минисерствата, Инспекциски совет).

За правата за кои е неопходна судска заштита во управна или граѓанска постапка, посредувамме во постапката за обезбедување на адвокат од листата што ја води Министерството за правда.

Во наредниот период, Хелсиншкиот период ќе се посвети на зголемување на капацитетите на овој сервис, во насока на зголемување на опфатот на граѓани на кои им е пружена правна помош, а преку тоа и потемелно детектирање на системските слабости во поглед на почитувањето на човековите права.

Собраните и анализираните податоци идентификуваат проблеми и предизвици со кои се соочуваат граѓаните во обидот да го применат правото на пристап до правда, вклучително и правото на достапна, ефективна и квалитетна правна помош. Од демографските податоци на подносителите за бесплатна правна помош, се наметнува заклучокот дека барателите кои потекнуваат од ранливи и маргинализирани заедници не се доволно информирани за остварувањето на нивните права, како и за правните постапки што ги засегаат. Неопходно е во понатамошниот период да се подобри пристапот до јасни и разбирливи информации во врска со правото на бесплатна правна помош. Комитетот ќе ја развива соработката меѓу јавните институции на локално и државно ниво со цел да се организираат што поголем број информативни сесии за граѓаните низ целата држава.

Како што покажуваат нашите податоци, потребно е да се посвети особено внимание на децентрализација на примарната правна помош од големите урбани центри до руралните и оддалечени области. Потребен е проактивен пристап за да се допре до социјално исклучените заедници.

***Правосудство (борба против корупција, мониторинг)***

Националните и меѓународните извештаи за состојбата со човековите права, без исклучок, посочуваат на правосудниот систем како главна пречка за целосно усогласување со принципот на владеење на правото. Независноста на правосудниот систем, односно влијанието на извршната власт на правосудството, недоволното располагање со вештини и знаење на судиите и јавните обвинители, нетранспарентноста во работата на правосудните органи, неконзистентното прецедентно право и отсуството на ефикасна правна заштита, особено ограничениот пристап до правда, прекршувањето на правото на судење во разумен рок и правото на праведно судење, вклучително и прекршување на правото на презумпција на невиност, се меѓу истакнатите проблеми кои се провлекуваат со години. Во тој поглед, Комитетот ќе продолжи да ги мониторира граѓанските, кривичните и управните судски случаи, особено тие што можат да имаат негативни последици, како резултат на нивната природа или политичка заднина, врз уживањето на човековите права на одредени лица или на општествениот развој во поширока смисла. До 2025 година, Комитетот ќе продолжи да вложува напори за реформа во правосудството преку активно учество во сите реформни процеси и иницијативи за промена на законската и институционална рамка на правосудниот систем, при што секогаш ќе се раководи од принципите на владеење на правото, пристапот кон правда и еднаквост како клучни статуторни и мандатни цели.

Хелсиншкиот комитет, преку ангажманите и активностите на национално ниво, ќе продолжи да ги надгледува и известува за спроведените реформи во системите за избор, промоција, дисциплинирање и разрешување на судии и јавни обвинители, како и да инсистира независноста на судството да се почитува и промовира на сите нивоа.

***Затворени институции (Затвори, притвори, полициски станици, психијатриски установи и други затворени институции)***

*Казнено-поправни установи*

Иако Република Северна Македонија има соодветна правна и институционална рамка, сепак таа потфрла во нивната имплементација поради што не ги задоволува меѓународните стандарди за превенција од тортура и нехуман третман. Согласно извештајот на Советот на Европа од 2021 година на Комитетот за превенција од тортура, условите во казнено-поправните установи се сурови, нехумани и деградирачки. Корупцијата, малтретирањето од страна на затворската полиција, насилството меѓу осудениците, небезбедните и нехигиенските услови, нестручниот кадар, несоодветната здравствена заштита се сериозен проблем во сите казнено поправни установи, а особено во КПД Идризово, установа која сместува повеќе од 3/5 од вкупната затворска популација во државата.

Покрај обидите на државата во изминатиот период да ги подобри условите и да ги надмине недостатоците во овие установи, сепак се уште останувaат значајни предизвици во оваа област.

Хелсиншкиот комитет одблиску ја набљудува состојбата во казнено-поправните установи и други установи во кои се ограничува или одзема слободата на движење, каде што граѓаните се ставени во најранлива позиција и ризик за прекршувања на нивните права согласно националните и меѓународните стандарди за човекови права. Комитетот во изминатиот период вложи значителни напори во воспоставување суштинска и трајна комуникација и соработка со државните органи, со цел да се обезбеди непречен пристап во институциите од затворен карактер со можност за увид на условите и разгледувањето на индивидуални случаи на лицата кои се лишени од слобода.

Покрај ова, граѓанскиот механизам за контрола врз работата на полицијата при Народниот правобранител, во кои членови треба да бидат и претставници на граѓанските организации, се уште не профункционира. Комитетот ќе продолжи да застапува пред надлежните институции за воспоставување на овој механизам.

Преку спроведување на теренски посети во сите казнено-поправни установи и воспитно- поправната установа, Комитетот и понатаму ќе известува за состојбите и условите во овие установи, ќе обезбедува бесплатна правна помош на осудени и притворени лица, ќе спроведува едукативни сесии за правно зајакнување на осудените лица, ќе постапува по претставки на осудени и притворени лица и ќе застапува за унапредување на нивните права пред надлежните институции, а особено за: здравствената заштита, материјалните услови, образованието, ресоцијализацијата, ефикасноста на заштитните механизми за гонење на случаи на тортура и нечовечко постапување и ќе овозможува ефективно застапување во случаи на тортура и нечовечко постапување пред домашните и меѓународните судови.

*Постапување на полиција*

Во текот на изминатите години, воочени се бројни постапувања од страна на полицијата во кои се злоупотребени полициските овластувања, употребена е несразмерна, нелегитимна и неоправдана сила и средства за присилба, особено врз една од најранливите групи на граѓани во нашата држава, Ромите.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи е сè уште недоволно ефикасен орган кој треба да ги заштитува граѓаните во случаи на пречекорување и злоупотреба на полициските овластувања, а надворешниот механизам за контрола на работата над полицијата иако е воспоставен и покажува некои подобрувања во гонењето на случаи на тортура и нечовечко постапување, се уште не е доволно ефективен во работењето.

Со тоа, значително е нарушена довербата во полицијата од страна на граѓаните и нивното чувство за слобода и безбедност, како и правната сигурност на граѓаните заштита на нивните човекови права. Хелсиншкиот комитет ќе продолжи да го набљудува полициското постапување и постапувањето на внатрешните и надворешните механизми за контрола над работата на полицијата и ќе обезбеди правна помош и застапување во индивидуалните случаи на пречекорување на полициските овластувања и заштита на жртвите на полициска бруталност. Воедно, ќе продолжи да се залага за професионализација на безбедносните служби, засилен надзор врз нивната работа и нивно сензибилизирање при постапувањето со ранливи групи на граѓани.

*Психијатриски установи*

Психијатриските установи се често препознаени како места каде лицата лишени од слобода се изложени на тортура и нехуман третман, најмногу поради материјалните услови во овие установи. Иако Комитетот за спречување на тортура при Советот на Европа ги препознава напорите од страна на надлежните институции да спроведат сеопфатна програма за деинституционализација на психијатриските пациенти, сè уште е голем бројот на пациенти кои немаат потреба од медицинска грижа, а поради недостаток на соработката и комуникацијата меѓу институциите, остануваат во овие установи уште многу години.

Хелсиншкиот комитет ќе спроведува мониторинг посети на психијатриските установи и специјалниот завод за лица со попреченост, ќе обезбедува правна помош на лицата лишени од слобода и на нивните семејства, како и ќе спроведува обуки на семејствата и старателите на лицата лишени од слобода за препознавање на тортурата и нечовечкото постапување и заштитните механизми.

Република Северна Македонија ја донесе и Националната Стратегија за деинстуционализација во Северна Македонија 2018-2027 „Тимјаник" која на долг рок треба да ја елиминира тортурата и нечовечкото постапување врз пациентите кои и живеат во субстандардни услови во психијатриските установи. Хелсиншкиот комитет ќе настојува преку теренските посети да застапува за подобрување на условите во овие установи се до конечна имплементација на Стратегијата, а воедно и ќе ги охрабри лицата лишени од слобода во овие установи да побараат правна помош во случај на тортура и нечовечко постапување.

***Говор на омраза и дела од омраза***

Во Република Северна Македонија не постои систематски и суштински институционален пристап кон делата сторени врз основа на предрасуди и нетолеранција, односно говорот и делата од омраза. Постапувањето на надлежните органи за гонење на овие дела целосно изостанува, а свеста кај граѓаните за пријавување е ниска. Не се преземаат доволно превентивни мерки, вклучувајќи едукација за човекови права и подигање на јавната свест. Со тоа,

државата не обезбедува посебна заштита и поддршка на жртвите. Најчести жртви и сторители на говорот и делата од омраза се младите. Во текот на изминатите години, сексуалната ориентација и родовиот идентитет, етничката припадност и политичката афилијација се трите основи за говор на омраза и кои континуирано се појавуваат како најзастапени, а бројот на регистрирани случаи варира согласно општествено - политичките околности и индивидуални случувања. Хелсиншкиот комитет, користејќи ја воспоставената интернет платформа (www.govornaomraza.mk), ќе продолжи да го документира говорот на омраза. Преку платформита, на граѓаните им се овозможува пријавување на инцидентите и се подигнува свесноста за последиците од говорот од омраза. Комитетот, водејќи се и од препораките на Европската комисија, ќе продолжи да застапува за подобра законска рамка и преземање на конкретни мерки за да се обезбеди санкционирање на криминалот од омраза преку градење на капацитетите на Министерство за внатрешни работи и Јавното обвинителство, како и за унапредување на националните превентивни механизми за справување со говорот на омраза.

***Дела од омраза***

Хелсиншкиот комитет за човекови права верува дека првиот чекор кон обезбедување ефикасен систем за заштита на жртвите на злосторствата од омраза е градење капацитети на телата за кривична правда во областа на регистрирање на пристрасните инциденти. Комитетот цели кон подобрување на легислативата и одговорот на институциите во оваа област преку измени и дополнувања на законите и политиките, примена на ефективни правни лекови и зајакнување на институциите. Една од целите беше и сè уште е да се подобри националниот одговор за злосторствата и говорот од омраза преку мониторинг, регистрирање, известување, обезбедување правна помош и процесирање на злосторствата од омраза. Известувањето за злосторствата од омраза е своевиден индикатор за обемот, природата и зачестеноста на инцидентите на злосторства од омраза извршени во земјата. Целта е преку ваквиот пристап и преземањето на овие активности, да се зголеми јавната свесност за штетните ефекти на говорот од омраза и нетолеранцијата. Дополнително, Хелсиншкиот комитет сè уште е единствената невладина сè уште е единствената невладина организација што испраќа информации до ОБСЕ/ОДИХР за состојбата со злосторствата од омраза во земјата.

Комитетот раководи и со веб-порталот www.zlostorstvaodomraza.com, што претставува интерактивна алатка преку која граѓаните можат да пријават злосторства од омраза и да добијат информации на таа тема. Во наредните години, Комитетот ќе продолжи да така, споделува релевантни информации за состојбата со злосторствата од омраза во земјата, на македонски, албански и англиски јазик.

***Дискриминација***

Комитетот смета дека државата мора да обезбеди ефективна заштита од сите форми на дискриминација и да овозможи еднаков пристап до правда за сите. Главната цел е подобрување на законите со цел целосна имплементација на меѓународните стандарди во оваа област. Стратешката цел на Комитетот е понатамошно зајакнување на механизмите за заштита и создавање на практични предуслови за идентификување, спречување и санкционирање на случаите на дискриминација и овозможување пристап до правда. Комитетот ќе продолжи да соработува со телата за еднаквост, во прв ред со Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител, но ќе врши и мониторинг на нивната работа, Мониторингот ќе го спроведува и врз работата на судовите и другите институции во државата.

Освен постапување по пријави за дискриминација на граѓаните и нивно процесуирање до соодветните тела за еднаквост, во периодот до 2025 година стратешка цел на Комитетот е и користење на новата законска можност (согласно ЗСЗД) да поднесува тужби од јавен интерес (actio popularis) за заштита на интересите на одредена група граѓани. Дополнително, Комитетот ќе се вклучува и како замешувач во судски постапки за дискриминација, по барање на дискриминираните странки. Покрај ова, Комитетот ќе ги презентира своите наоди и забележани трендови во областа пред националните и меѓународните судови и другите механизми за заштита од дискриминација.

***ЛГБТИ+ (Сигурна куќа, Комитет)***

ЛГБТИ Центарот за поддршка функционира во рамките на Комитетот од 2012 година и раководејќи се од потребите на ЛГБТИ заедницата разви активности групирани главно во три програми:

*Зајакнување на заедницата*

Овозможувањето на безбеден простор каде ЛГБТИ луѓето можат да се сретнат, да ги споделат сопствените искуства и да добијат поддршка е основна појдовна точка за кршење на синџирот на изолација. Центарот ќе го поттикнува чувството на припадност кон заедница и солидарноста меѓу ЛГБТИ луѓето. Директните сервиси како бесплатната правна помош, правни и здравств цата ќе ни овозможи подобро разбирање на искуствата и потребите на ЛГБТИ луѓето. Центарот ќе продолжи со организирање на состаноци, образовни и социјални настани и дебати. Главен предизвик во следните три години ќе биде развивањето на Локалните активистички јадра надвор од главниот град и нивна регистрација како граѓански здруженија. Овие активности ќе придонесат за подигање на јавната свеста, зајакнување, мобилизација и ангажман на ЛГБТИ индивидуи и групи на локално ниво. Развивањето на соработка со други локални граѓански организации ќе го

зајакне фронтот на заштита и унапредување на правата на луѓето во општините, соработката со локалните власти и ќе ја поттикне солидарноста меѓу различните групи на локално ниво.

*Застапување/Правна програма*

Следните три години има отворен прозорец за можни промени во правниот систем и напредок кон целосна заштита и еднаквост на ЛГБТИ луѓето. Во соработка со другите организации кои се застапуваат за правата на ЛГБТИ луѓето, ќе се развијат акциски планови за застапување во следните три години со специфична содржинска рамка за секоја година одделно. Како поткрепа на напорите ќе се работи интензивно на развивање на капацитетите и вклученоста на Меѓу-партиската ЛГБТИ група во Собранието на РМ. Исто така, како дел од напорите за приближување кон Евро-атлантското семејство, Центарот ќе соработува одблизу со Европската комисија, Советот на Европа и соодветните дипломатски претставништва во државата.

Правниот тим ќе биде сосредоточен на лоцирање и охрабрување на жртвите на дискриминација, говор и/или дела од омраза и нееднаков третман, да дејствуваат за своја заштита, градејќи судска пракса. Исто така правниот тим ќе работи на воспоставување на мрежа на пара-правници низ целата држава, пред сé преку локалните активистички јадра. ЛГБТИ Центарот за поддршка е носител на тригодишен регионален проект за застапување, кој ќе се имплементира во шест држави од Западен Балкан и Турција, од тринаесет организации. Организациите го препознаа законодавството за правно признавање на родот како приоритетно

и со капацитет за регионален пристап. Ќе продолжиме да ги развиваме нашите капацитети за користење на механизмите на ЕУ и ОН со поднесување на извештаи во сенка, користејќи ги како алатки за застапување.

*Интервентен фонд*

Интервентниот фонд преку ефективна директна помош на ЛГБТИ индивидуи ја зајакнува довербата во Центарот, помагајќи ни да ги разбереме случувањата на терен и потребите на ЛГБТИ заедницата.

Во следните три години улогата на Интервентниот фонд ќе транзитира од работа исклучиво со индивидуални случаи (работа претежно преземена од Сигурната куќа), кон поддршка на Локалните активистички јадра, за постигнување на нивна регистрација во општините каде работат и одржлива независност на истите, преку подигнување на нивните капацитети за креирање, аплицирање и реализација на проекти од локален интерес на ЛГБТИ луѓето.

*Сигурна куќа*

Сигурната куќа во следните години, освен развивање на програми за зајакнување на корисниците и нивна ресоцијализација, ќе работи на постигнување на

одржливост преку блиска соработка со други граѓански организации и мрежата на слични шелтер центри, како и Министерството за труд и социјална работа.

***Родова еднаквост***

Во 2021 година Хелсиншкиот комитет за човекови права разви тригодишна „Стратегија за застапување за унапредување на родовата еднаквост при процесот на евроинтеграции на Северна Македонија 2022-2024“. Целта на Стратегијата е да му послужи на Хелсиншкиот комитет за насочување на своите активности и напори за застапување во рамки на процесот на евроинтеграции со цел унапредување на родовата еднаквост во државата. Стратегијата беше пропратена со едногодишен план за акција каде се детално наведени преведените активности за 2022 година на Хелсиншкиот комитет во областа на родовата еднаквост, како и индикатори кои преставуваат мерливи показатели за следење на успехот на спроведување на Стратегијата.

Пошироко, Стратегијата се базира на моменталниот контекст и потреби за реформи во областа на родовата еднаквост, а земајќи го превид процесот на пристапување на државата кон Европската унија (ЕУ), вклучително и вредностите и заложбите на ЕУ за унапредување на родовата еднаквост како и во рамките на својата заедница така и во рамки на својата надворешна политика. Потесно, Стратегијата ги следи стратешките цели на Хелсиншкиот комитет и областите во кои работи организацијата, предвидени во организациската стратегија за периодот од 2022 – 2024 година.

Согласно визијата, мисијата и организациските цели, а во насока на унапредување на родовата еднаквост, Хелсиншкиот комитет ќе застапува за остварување на целите и приоритетите во областите на владеење на правото и пристап до правда, заштита на основните човекови права преку борба против родово-базирано насилство и семејно насилство, унапредување на работничките права и правата на текстилните работнички, заштита од дискриминација и обезбедување еднаков третман, собирање и процесирање на податоци, обезбедување бесплатна правна помош. Во Стратегијата се дефинирани три приоритетни области на делување на организацијата во насока на застапување за родова еднаквост, во чии рамки се наведени специфичните застапувачки цели, за следните три години.

*Приоритет 1: Заштита од родово-базирано и семејно насилство*

Покрената свест за контекстот и потребата од слобода од сите форми на насилство кон жените и семејното насилство (вклучително и дигитално насилство);

Достапни информации за евидентирани и обработени случаи на родово-базирано и семејно насилство;

Унапредена и имплементирана легислатива во државата согласно меѓународното право и правото на ЕУ;

Зајакнати капацитети на други граѓански организации за родово-базирано насилство и семејно насилство;

Зајакнати капацитети на релевантните институции во насока на навремено и соодветно постапување во случаи на родово-базирано и семејно насилство.

*Приоритет 2: Унапредување на работничките права*

Покрената свест за потребата од унапредување на работничките права со фокус на правата на жените, вклучително и во текстилната индустрија;

Хармонизирана и унапредена национална правна рамка согласно правото на ЕУ и меѓународните правни стандарди;

Зајакнати капацитети на релевантните институции за постапување во случаи на кршење на работничките права.

*Приоритет 3: Заштита од сите форми на дискриминација и пристап до правда*

Доследна имплементација на антидискриминациското законодавство;

Хармонизирана национална правна рамка со Законот за спречување и заштита од дискриминација;

Функционална Комисија за спречување и заштита од дискриминација други и институции/тела со сличен мандат;

Зголемена свест за состојбата на маргинализираните и ранливите категории на граѓани кои се во најголем ризик од дискриминација;

Унапреден пристап до правда за маргинализираните и ранливите категории на граѓани;

Зајакнати капацитети на други граѓански организации за родово базирана дискриминација.

Социјална правда (работнички права, социјална заштита, лица со попреченост, социјално претприемништво)

Прекршувањето на правата на работниците од ранливите групи наметнува потреба од преземање на повеќе активности од страна на Комитетот во поглед на услугите за правна помош за заштита на правото на работа. Во тој контекст, Комитетот ќе ги надгледува политиките за подобрување на пристапот кон вработување на ранливите групи и ефикасноста на механизмите за заштита во случаи на прекршување на работничките права. Хелсиншкиот комитет ќе продолжи да работи поактивно со синдикатите и претставниците на работниците во заедницата за да ги открие случаите на прекршени работнички права и за да го зајакне капцитетот кај работниците за локално застапување со цел да се организираат и договорат еднакви и достојни работни услови, како и да се

елиминира работата на малолетници, принудната работа и дискриминацијата. Во тој поглед, Хелсиншкиот комитет ќе се насочи особено кон текстилните работнички од целата земја како една од најранливите групи во нашето општество. Хелсиншкиот комитет ќе продолжи со активно учество во промоцијата на стратегијата за деинституназизација. По усвојувањето на новата стратегија, Комитетот активно ќе се вклучи во мониторинг на спроведувањето на стратегијата, особено во делот поврзан со неинституционалната грижа за лица со попреченост.

Лицата со попреченост, Ромите, текстилните работнички, жените од руралните области, жртвите на семејно и друг вид на родово насилство исто така се дел од најранливите групи во нашето општество, за кои општеството сè уште нема преземано суштински мерки за промовирање на нивниот социјален статус. Образованието и понатаму е недостапно за мнозинството лица од овие групи, во главно како резултат на непристапноста на училишните згради за лица со попреченост и девојчиња од руралните области, како и заради фактот што сиромаштијата и малолетничките бракови се причина голем број ученици од ранливите групи да не одат во училиште. Хелсиншкиот комитет ќе продолжи со мониторинг на реформите во системот за социјална и здравствена заштита, вклучително и образовниот систем, со цел да се овозможи подобрување во

еднаквиот пристап до сите добра и услуги што ги нуди државата, како предуслов за подобар квалитет на живот. Особен акцент ќе се стави на ранливите групи кои имаат итна потреба од ефикасни политики за подобрување на социјалниот статус, вклучително и политики за вработување на овие групи на луѓе и механизми за заштита од прекршоци на нивните права.

***Дигитални права и слободи***

Со сè поголемата дигитализација и развој на дигиталните технологии, се отворија нови канали за размена на идеи, информации, истражувања и други активности кои се случуваат во дигиталниот простор. Човековите права важат подеднакво во физичкиот простор, и во дигиталниот простор. Комитетот ќе ги приоритизира трите столба кои се и Уставно загарантирани – сигурноста и тајноста на личните податоци во дигиталниот простор, слободата на изразување и дигиталната безбедност.

Третирањето на новите технологии, односно на нашите виртуелни идентитети, како продолженија на нашите себства е особено важно кога зборуваме за можните злоупотреби кои ги доживуваме во сајбер просторот, денес кога овие граници стануваат сè поматни, а институциите не се способни да држат чекор со таа реалност. Па така, најчесто легислативната рамка која се користи во борбата против сајбер насилството ни одблизу не е соодветствува на интимната врска која луѓето денес ја имаат со своите сајбер идентитети. Сајбер насилството, иако е многу распространето, во повеќето земји е нерегулирано. Тоа може да се дефинира

како секој облик на несакано однесување, комуникација и објавување на содржини (текст, слики, видеа) со цел или последица повреда на достоинството на едно лице, особено кога се создава застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива атмосфера, преку употреба на компјутерски системи. Сајбер насилството резултира во, или веројатно ќе резултира во, физичка, сексуална, психолошка или економска штета или страдање и може да вклучи експлоатација на индивидуалните околности, карактеристики или ранливост. Овој тип на насилство се јавува во многу форми, меѓу кои и демнеење, неконсензуално прибирање, објавување и/или препраќање на експлицитни содржини, сексуално вознемирување, секторција т.е злоупотреба на моќ, уцени и закани, заплашување, булинг, говор на омраза, и сл. Овие последици укажуваат дека несомнено останува и понатаму во опсегот на работата на Хелсиншкиот комитет.

***Дигитални простори***

Како пандан на сајбер сферата, која е често небезбеден и непријателски простор за маргинализираните групи во нашето општество, потребно е да се создаваат и афирмативни дигитални простори, каде токму тие групи ќе можат да се препознаат, здружуваат и користат своите гласови за зголемена видливост и застапување. Неформалната платформа Медуза, оперирајќи при Хелсиншкиот комитет ја врши токму таа дејност, од своето основање во 2018 година. Медуза е првата феминистичка платформа на македонски јазик, која курира и објавува содржини од над 30 автори и авторки и како таква е релевантен медиум и канал на комуникација и дистрибуција на информации, особено кај помлади генерации, имајќи ја предвид доминатната сфера на постење на Платформата: веб-страна и социјални медиуми.

***Мигранти, бегалци и баратели на азил***

Човековите права важат за сите луѓе, секаде и во секое време. Поаѓајќи од овој принцип, во согласност со меѓународните документи за човекови права и уставно загарантираните права, Хелсиншкиот комитет се залага за непреченото почитување и заштита на правата на сите луѓе на територијата на Република Северна Македонија, а не само на нејзините граѓани

Соочен со предизвиците и последиците на најголемата бегалска криза досега и потфрлањето на државата да ги гарантира и заштити нивните права, Хелсиншкиот комитет ќе се фокусира на унапредувањето и заштитата на правата на бегалците и мигрантите кои престојуваат во земјата или транзитираат низ неа. Покрај набљудувањето и известувањето на јавноста за прекршувања на човековите права на бегалците, Хелсиншкиот комитет ќе се залага и за покренувањето на свеста кај граѓаните за статусот на бегалците и проблемите со кои се соочуваат, со цел да се надмине ксенофобијата и нетолеранцијата насочена кон нив и да се олесни процесот на нивна интеграција.

***Млади***

Во рамките на Хелсиншкиот комитет, работата со млади е организирана преку формирањето на Младинската група на Хелсиншкиот комитет. Младинската група е неформална, неполитичка и не-религиозна група на млади луѓе кои доброволно се пријавуваат за учество и дејствување во рамките на групата, која функционира врз принципите на еднаквост и недискриминација, толеранција и непристрасност. Главната цел на воспоставувањето на Младинската група е на младите луѓе да им се обезбеди пристап до информации и едукативни содржини за почитувањето, промоцијата и заштитата на човековите права и слободи на сите луѓе. Истовремено, со членувањето во Младинската група младите ќе имаат можност да се запознаат и активно да се вклучат во општествените проблеми и случувања поврзани со човековите права и слободи. Хелсиншкиот комитет преку координација на Младинската група ќе продолжи да го охрабрува младинскиот активизам и активното учество на младите во демократските процеси, како и да ги зајакнува нивните капацитети во насока на почитувањето, промоцијата и заштитата на човековите права и слободи.

***ЕУ академија за човекови права***

Преку ЕУ академијата, целта е да се поттикнат младите коишто имаат волја и се активни да дадат свој придонес кон градење на толерантни и мирни заедници и учество во тековниот процес за интеграција со Европската Унија, и да се насочат кон промовирање на оддржлива култура на европските суштински вредности, човекови права и почит и заштита на диверзитетот. Првата специфична цел е зајакнување на капацитетите на младите активисти со тоа што ќе им се даде можност да се здобијат со знаење и механизми за човекови права и нивна промоција и заштита во средина во која се поттикнува дијалог, размена на знаења и учење. Втората специфична цел е подготвување на младите професионалци за активно учество и директен придонес кон пристапните разговори и процеси, со тоа што ќе бидат опремени со алатки и знаење како активни агенти, носители на одлуки и критички насочени придонесители во бројните процеси во рамките на пристапниот процес кон ЕУ.

Наум Наумовски Борче Бр.83, 1000 Скопје | 023119073 / 072 278 436 0800 44 222 | helkom@mhc.org.mk | www.mhc.org.mk